Врз основа на чл. 5 и 13 од Законот за стопанските комори („Службен весник на РМ" бр. 17/11), согласно чл. 20 и 59 од Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија (пречистен текст), бр. 02-598/4 од 29.04.2021 година, Собранието на Комората, на седницата одржана на 24.12.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на членарината**
**за Стопанската комора на Северна Македонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува основицата за пресметување на членарината, износот, начинот на пресметка и плаќање на членарината на Стопанската комора на Северна Македонија.

**Член 2**

Основица за пресметување на членарината што ја плаќа секој член на Стопанската комора на Северна Македонија, претставува бројот на вработените на крајот од претходната година и стапката од 0,12% од вкупниот износ на исплатената бруто плата на вработените во правното лице, и тоа:

| **Ред. бр.** | **Број на вработени** | **Износ** | **Начин на плаќање** |
|---|---|---|---|
| 1. | До 5 вработени | 100 евра | Еднократно |
| 2. | Од 6 до 10 вработени | 150 евра | Еднократно |
| 3. | Од 11 до 20 вработени | 200 евра | До две еднакви рати |
| 4. | Од 21 до 30 вработени | 300 евра | До две еднакви рати |
| 5. | Од 31 вработен и нагоре | По стапка од 0,12% месечно со исплата на плата | Со исплата на плата од страна на компанијата, а по барање на компанијата може да се договори и друга динамика |

Вредноста на еврото се пресметува по среден курс на еврото на НБРСМ на денот на фактурирањето.

**Член 3**

Оваа одлука се објавува на електронска огласна табла во Комората во рок од три дена од денот на нејзиното донесување и влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

Бр. 02-1675/6
24.12.2021 год.
С к о п ј е

Претседавач,
д-р Ристо Јаневски, с.р.